# РЕФЕРАТ

## За избор на наставник по предметот менаџмент на човечки ресурси на Економскиот факултет во Прилеп

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп, на својата редовна седница, одржана на 26.03.2007 година, именува Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот менаџмент на човечки ресурси, во следниот состав:

д-р Мирјана Борота, ред. проф.,
ИСППИ – Скопје
д-р Димитар Бојаџиоски, ред. проф.,
Економски факултет – Скопје
д-р Тодор Кралев, ред. проф.,
Економски факултет – Скопје

Откако ги разгледа приложените материјали и трудови Комисијата до Советот го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во "Утрински весник" од 19.02.2007 година за избор на наставник на неопределено работно време во предметот менаџмент на човечки ресурси се пријави еден кандидат, професор д-р Љупчо Печијарески.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

### *Образовна и професионална кариера на кандидатот, проф. д-р Љупчо Печијарески*

Д-р Љупчо Печијарески е роден на 14.05.1954 година во Прилеп. Основно, средно и више образование завршил во родниот град. Дипломирал на групата социологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Магистрирал во 1991 година на Факултетот за политички науки, насока Социологија на култура и културна политика на тема "Развој националног позоришта и позоришна публика у Македонији". По добивањето со степен магистер на политички науки, тој е биран во звањето асистент по предметот историја на општествени теории. Докторирал на Филозофскиот факултет во Скопје, група социологија во 1994 година, со одбрана на

дисертацијата под наслов "Социјалната динамика во критичката теорија на Франкфуртската школа". Од 1985 година тој е вработен на Економскиот факултет во Прилеп, како помлад асистент, по предметите основи на марксистичка филозофија и основи на марксистичка социологија. Во 1994 Љ. Печијарески година е биран е во звањето доцент, како наставник по предметот историја на општествени теории. Во 1998 година, пак, е биран во звањето вонреден професор, по предметот социологија со социологија на трудот. Љ. Печијарески е биран за наставник по предметот социологија со социологија на трудот во наставно звање редовен професор во 2002 година.

Во периодот декември - февруари 1994/95 година кандидатот престојува во САД, каде што посетува повеќе универзитети меѓу, кои Columbia University, UCLA, Rutcers. Истовремено, овој престој го искористува за истражување на македонските иселеници во САД, од аспект на нивната интегрираност во современото американско општество.

Во периодот јануари - мај 1998 година тој престојува на "The Florida State University of Tallahassee Florida" каде што посебно внимание посветува на проблемите од општата социологија, социологијата на трудот и менаџментот на човечки ресурси.

## 2. НАСТАВНО - ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во својата повеќегодишна наставно - образовна активност кандидатот, проф. д-р Љупчо Печијарески, покажува евидентен интерес за перманентно надградување на својата академска кариера, надополнет со автентичен пристап во осмислувањето на наставните дисциплини коишто тој ги предава или ги предавал.

Имајќи во вид дека во прашање се повеќе различни дисциплини (како според предметот - содржината, така и според методот): филозофија, социологија, историја на општествени теории, социологија со социологија на трудот, менаџмент на човечки ресурси и меѓународен менаџмент на човечки ресурси, несомнено станува збор за кандидат со нагласен интердисциплинарен пристап.

Аналогно на оваа констатација, може да се забележи дека кандидатот успеал, во својата научна кариера, успешно да спои различни аспекти на општествената стварност, на различни нивоа на општост во рамките на различни научни области, што, само по себе, претставува дополнителен предизвик и напор.

Кон претходните согледувања треба да се додаде и фактот дека проф. Печијарески, истовремено, успеал да пронајде адекватно решение стекнатото знаење, на едноставен начин, да им го презентира на студентите, притоа развивајќи кај нив чувство за аналитичко согледување на научните факти, со што процесот на учење не се сведува само на меморирање и репродукција, туку и на критичко размислување од страна на студентите во однос на проблемите што се изучуваат.

Паралелно со активностите во наставно - образовниот и научно-истражувачкиот процес, тој активно учествува и во организирањето на поголем број

меѓународни научни манифестации, како на Факултетот, така и на Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола, меѓу кошто позначајни се:

- Меѓународен симпозиум "Структурните промени и развојот на земјите во транзиција" - Битола 21-23 јуни 1995 год. ;

- Прва заедничка конференција меѓу The Florida State University of Tallahassee Florida и Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, Охрид 05.07-19.07.1996 год.

- Втора заедничка конференција меѓу The Florida State University of Tallahassee Florida и Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, Охрид 16.06-26.06.1997 година;

- Меѓународен симпозиум: Алтернативите на развојот, Економски факултет - Прилеп, 1998 година;

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот, д-р Љупчо Печијарески, интензивно се занимава со научноистражувачка дејност. Во тој контекст, во текот на својата работна кариера, тој има објавено сто дваесет и пет научни трудови, а истовремено раководител е на песнаесет научни проекти, со нагласено интердисциплинарен карактер.

Во рамките на истражувањата од областа на менаџментот на човечки ресурси кандидатот посебно внимание посветува на следниве проблеми: анализа на работата; определување на потребите од човечки ресурси; регрутирање; селекција; обука и образование; проценка на успешноста на персоналот; развој на кариерата; мотивација; градење тимови; и организациска култура.

Во однос на анализата на работата, кандидатот посебно е преокупиран со проблемите околу изработката на описот и спесификацијата на работата, како и на ефектите што овој процес ги има врз целокупното функционирање на менаџментот на човечки ресурси во организацијата.

Кога е во прашање определувањето на потребите од човекови ресурси, тогаш, во средиштето на неговиот интерес се: планирањето на човечките ресурси; прогнозата на понудата и побарувачката на човечки ресурси, нивното врамнотежување, како и следење, евалуација и корегирање на планот за човечки ресурси.

Од аспект на регрутацијата и селекцијата, Печијарески посебно внимание посветува на креирањето програма за регрутирање, во согласност со соодветната политика на планирање на човечките ресурси и направената анализа на работата во организацијата,како и на избирањето најсоодвстни методи и техники за регрутирање и селекција.

Во трудовите во коишто кандидатот ги истражува прашањата поврзани со обуката и образованието на вработените, во преден план се следниве проблеми: целите што организацијата ги остварува низ процесите на обука и образование;

различните пристапи на обука и образование; организирањето и реализацијата на процесите на обука и образование; и евалуацијата на обуката и образованието.

Третирајќи ги проблемите за развојот на кариерата на вработените, кандидатот посебно внимание посветува на : едукативните програми, одделни психометриски тестови, техниките за самооценување, работилниците и центрите за развој на кариерата.

Имајќи го во вид интердисциплинарниот пристап во проучувањето на менаџментот на човечки ресурси, Љ. Печијарески посебно е успешен при анализата на мотивацијата, пред сé, во следниве сегменти: видовите, факторите и теориите на мотивација, како и на улогата на менаџерот во процесот на мотивација и градењето посебен мотивирачки амбиент во организацијата.

Кога се во прашање, пак проблемите поврзани со градењето ефикасни тимови за работа, кандидатот, во своите трудови посебно внимание посветува на: видовите тимови; креирањето, структура и фазите во развојот на тимот; градење на модел на ефикасен тим; како и на улогата на тимовите во менаџирањето и развојот на човечките ресурси.

Еден од централните проблеми во истражувачката пракса на кандидатот е организациската култура, којашто тој, главно, ја анализира низ согледување на следниве сегменти: различните модели на нејзино манифестирање; различните начини на реализирање, како и нејзиното влијание врз креирањето и спроведувањето на стратегиите во организацијата.

Паралелно со истражувањето на претходно евидентираните проблемо, кандидатот посебно внимание, во своите трудови, посветува и на релациите: менаџмент - етика; менаџмент - вредносни ориентири; менаџмент - културен амбиент (опкружување); и менаџмент - конфликти (менаџирање на конфликтите).

## 3. БИБЛИОГРАФСКИ ЕДИНИЦИ

*Објавени научни трудови и реферати од областа на социологијата и сродните научни дисциплини*

*(период 1995-2007 година)*

1. Идејата за просветителството во критичката теорија на Франкфуртската школа. Зборник на трудови во ДНУ - Прилеп, том 10 и 11/ 1995 година;

2. Историско - социјалниот аспект на генезата на критичката теорија на Франкфуртската школа и проблемот на социјалната динамика, Дијалог,број 9/1995година;

3. Филозофијата како можна критика на современиот општествен развој. Зборник на трудови на ДНУ - Прилеп, том 13 / 1996 година;

4. Концептот на општествена промена и развој во современите теории на дваесеттиот век, Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1995 година (во коавторство со д-р Славица Роческа);

5. Проблемот на социјалната динамика во класичните теории во 19. век, Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1995 година;

6. Економската наука и идеолошките предизвици на општествената стварност. Научен собир: Посебната улога на економската наука, Економски факултет - Скопје, 1995 година;

7. Транзиција - збор, поим и стварност, Меѓународен научен симпозиум: Структурните промени и развојот на земјите во транзиција, Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола, 1995 година;

8. Социолошко-антрополошки аспекти на туристичката пропаганда. Зборник на трудови "Туристичката пропаганда-услов за развој на туризмот" - Факултет за туризам и угостителство - Охрид, 1996 година;

9. Влијанието на демографските и економските фактори врз политичките и културните, процеси во земјите во транзиција, Прва меѓународна летна школа меѓу Florida-State University и Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, Охрид 1996 година (во коавторство со д-р Благоја Спиркоски);

10. Превентивна дипломатија: македонски состојби и искуства, Меѓународен семинар Превентивна дипломатија, Министерство за надворешни работи на Република Македонија - Меѓународен институт за надворешни работи, Осло, 1996 година;

11. Сфаќањето на претставниците на критичката теорија на суштинските карактеристики на социјалната динамика, Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1996 година;

12. Теоретско - методолошки претпоставки за истражување на влијанието на промените во политичките и економските системи врз вредносните ориентири и типовите на политичка култура на граѓаните во земјите од Централна, Источна, Југоисточна Европа - со посебен осврт на Македонија, Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1997година (во коавторство со д-р Славица Роческа);

13. Транзицијата меѓу теорија и пракса, филозофска трибина, Скопје, 1997 година;

14. Социјално - економската структура и промените во политичката култура на граѓаните во Македонија (во коавторство со д-р Славица Роческа), Втора меѓународона летна школа меѓу Florida-State University и Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, Охрид, 1997 година;

15. Презентација на резултатите од панел-истражувањето на влијанието на промените во политичките и економските системи врз вредносните ориентири и типовите на политичка култура на граѓаните во Македонија; Втора меѓународона летна школа меѓу Florida-State University и Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, Охрид, 1997 година;

16. Трансформација на високообразовните институции од областа на економските науки, како неопходен услов за реализација на современите развојни ориентации и цели на македонското општество (во коавторство со д-р Славица

Роческа), Научен симпозиум "Општествената транзиција и образованието", Дојран 1997 година;

17. Туризмот како фактор на ресоцијализација и десоцијализација на современиот човек, Научен симпозиум: "Еколошките аспекти на туризмот", Охрид, 1997 година;

18. Македонскиот културен амбиент и неговите политички импликации, Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1997година;

19. Analysis of the Macedonian Political System, Course: Transition: Economic and Democratic Reforms in Central and Southeastern Europe, Inter - University Centre - Dubrovnik. 6-13 June 1997;

20. Социоекономските услови и политичката стабилност на Македонија,Трета заедничка конференција на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола и Florida State University, Tallahassee, Охрид, 1998 година;

21. Political reforms in Macedonia - controversies and dilemas, Joint Conference between University of Podgorica and Colledge of Social Sciences, FSU, Miločer, jun 1998;

22. Светот на крајот од третиот милениум меѓу техноекономскиот детерминизам и апстрактниот политички плурализам, Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1998 година;

23. Развој и воведување нови курсеви и реструктурирање на постојните курикулуми и наставни методи во додипломските и постдипломските студии во високообразовните институции од економските науки, неопходни за реализација на современите развојни ориентации и цели на македонското општество (во коавторство со д-р Славица Роческа), Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1998 година;

24. Macedonian Informational Envirement Situations and Perspectives, Balkan Neighbours, Access Assotiation, Sofia, 1998;

25. За некои аспекти на социолошката димензија на театарската критика во Македонија, Зборник на трудови на тема: Македонската театарска критика, Прилеп, 1998 година;

26. Алтернативите на развојот: економски и социјални аспекти на промените во земјите во Југоисточна Европа - воведен реферат, Меѓународен симпозиум: Алтернативите на развојот, Економски факултет - Прилеп 1998 година;

27. Сциентистичката имунологија новата општествена стварност и инструментализираната интелектуалност, Меѓународен симпозиум: Алтернативите на развојот, Економски факултет - Прилеп, 1998 година;

28. New Social Interests: Between the Techno economic Determinism and the Abstract Political Pluralism - Macedonian Experiences, International Conference, Recent Developments and problems in the transition economies, Skopje 1999;

29. Македонскиот информативен простор, Зборник на трудови на ДНУ - Прилеп, том 14 и 15, 1998/1999 година.

30. Диркем - класик и современик; Зборник на трудови Диркем и современата социологија, Филозофски Факултет, Институт за социологија, Скопје, 1999 година;

31. Социјалните аспекти на транзициониот процес во македонското општество, Зборник на трудови на тема: Денови на науката, Софија, Р. Бугарија, 1999 година;

32. За некои аспекти на односот образование - религија во современото македонско општество, Научна расправа на тема: Образованието и религијата, Битола, 1999 година;

33. Теоретско - методолошки напомени за едно можно истражување на јавното мислење (во коавторство со м-р Ѓорѓи Манчески и м-р Димитар Николоски), Годишник на Економски факултет - Прилеп, 1999 година(во печат);

34. Актерот меѓу естетското и социјалното, Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум на тема: Актерството и режијата во македонскиот театар, Прилеп 1999 година;

35. Транзиција: глобализација версус аномија, Економија и бизнис, ноември 1999 година;

36. Фројдовото сфаќање на личноста, Друштво на социолози на Република Македонија, 1999 година;

37. Веберовата социологија на економскиот живот во контекст на глобалните општествени промени, Меѓународен симпозиум, Филозофски факултет, Институт за социологија, Скопје, 1999 година;

38. Капиталистичкото општество во светлото на политичката економија на критичката теорија, Годишник на Економски факултет - Прилеп, 2000 година;

39. Глобализација и земље Југоисточне Европе, Економске теме, Ниш 2001 година;

40. Социјална стратификација македонског друштва у транзитивном периоду: промене и последице, Меѓународни научни скуп "Регионални развој и демографски токови балканских земаља, Економски факултет - Ниш, 2001 година;

41. Фромовото сфаќање на личноста, Дебатен клуб - Прилеп, 2001година.

42. Туризмот, вредносните ориентации и етничката дистанца - студија на случај на Охридскиот регион, Меѓународна конференција "Мултипликативни ефекти на развојот на туризмот", Факултет за туризам и угостителство Охрид, 2001 година;

43. За некои аспекти на сфаќањето на дијалектичката и формалната логика во критичката теорија на Франкфуртската школа, Зборник на трудови на ДНУ - Прилеп, том 17, 2001 година;

44. Македонскиот културен амбиент меѓу мултикултурализмот и етнонационализмот, ТЕМПЛУМ, Скопје, 2001 година;

45. Животниот стандард на граѓаните во Република Македонија во периодот на транзиција, Меѓународна конференција "Статистиката во функција на креирање на економската политика и економскиот развој во регионот на Југоисточна Европа", Скопје, 29-31. 10. 2001 година (во коавторство со м-р Димитар Николоски);

46. Функционалистичката парадигма во светлото на Парсонсовата теорија на општествена акција, Зборник на трудови на ДНУ- Прилеп, 2002 година.

47. Спенсеровото сфаќање на општеството и државата во духот на еволуционистичката теорија, Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 2003 година;

48. Утврдување на начинот на задоволување на културните потреби на граѓаните на Република Македонија во слободното време, Годишник на Економскиот факултет - Прилеп, 2003 година;
49. Радикална социологија, Зборник на трудови на ДНУ- Прилеп, 2003 - 2004 година.
50. Глобализацијата и новите облици на регионална соработка меѓу мондијализација и империјализам, Меѓународен симпозиум Регионалната соработка и економскиот развој, Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола, Економски факултет Прилеп, 2003 година;
51. За некои аспекти на етничката дистанца во Република Македонија, експертски форум на тема: Културна деконтаминација, Фондација Институт Отворено општество, Скопје, 2003 година;
52.Парсонсовата теорија на општествена акција - теориски претпоставки, рецепции и критики, Научна конференција на тема: Американската социологија - Роберт Мертон како повод, "Универзитет Св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет, Институт за социологија - Скопје, 2004 година;
53. Социјалните импликации од промените во политичката и економската сфера во Република Македонија, Македонија во глобализацијата, "Универзитет Св. Кирил и Методиј" Економски факултет - Скопје, 2004 година;
54. Вредносните ориентири и типовите политичка култура како фактори на економскиот развој во Р. Македонија, средба на економистите на Република Македонија на тема: Состојби можности и перспективи на македонската економија, Сојуз на економистите на Македонија, Скопје, 2004 ( во коавторство со м-р Димитар Николоски);
55. The Social Implications of Economic and Political Changes in Macedonja, Monographs: Dynamics of Globalization in South Eastern Europe Global Scholary Publications, New York, 2004.
56. Прилог кон социолошкото сфаќање на религијата, Годишник на Економски факултет - Прилеп, 2004- 2005 година;
57. Предизвици на мондијализацијата: нееднаквоста во средиштето на современите општествени промени, Научната конференција на тема: Општествените промени и социологијата, "Универзитет Св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет, Институт за социологија - Скопје, 2005 година;
58. Дрога: етиологија -дијагноза - превентива, Превенција од дрога, ОБСЕ / Одел за развој на полицијата, Прилеп 2006 година;

*Објавени научни трудови и реферати од областа*
*на менаџментот на човечки ресурси и економија*
*(период 1999 -2007 година)*

1. Сивата економија во Република Македонија - меѓу импетуозност и лаксизам, Економија и бизнис, јуни 1999 година;

2. Оценување на перформансите на вработените, Советување во организација на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Фондацијата Friedrich - Ebert, Скопје, 1999 година
3. Транзицијата и приватизацијата; семинар "Recent Lessons from Transition and Privatization - Problem of Institutions and Corporate Governance" European Center for Peace and Development and Agency for Privatization of R. Macedonia, Ohrid, 26-27 november, 1999;
4. Некоросторых аспектах культурной перестройки на предприятии в переходном периоде, Меѓународен научен симпозиум, Днепропетровск, Украина, март 1999 година;
5. Трансформација на институционалната структура и економскиот раст на земјите во транзиција (во коавторство со д-р С. Роческа и д-р Д. Кокароски), Научна конференција "Реалната икономика в условията на паричен свет", Југозападен университет "Неофит Рилски", Икономически факултет, Враца, 2000 година;
6. Видови тимови, Економски форум, "АВРОРА" - Прилеп, 2000 година
7. Монетарниот суверенитет услов за ефикасна монетарна политика - на примерот за Р. Македонија (во коавторство со д-р Д. Кокароски и д-р С. Роческа), Научна конференција "Реалната икономика в условията на паричен свет", Југозападен университет "Неофит Рилски", Икономически факултет, Враца, 2000 година;
8. Социо - економските перфоманси на постојната монетарна политика на Р. Македонија (во коавторство со д-р Д. Кокароски и д-р С. Роческа), Научна конференција "Реалната икономика в условията на паричен свет", Југозападен университет "Неофит Рилски", Икономически факултет, Враца, 2000 година;
9. Улога организационе културе у стратегијском менаџменту трговинских предузећа - глобални приступ (во коавторство со д-р Д. Кокароски и д-р С. Роческа). Меѓународен симпозиум за стратегиски менаџмент - Суботица, 2000 година;
10. Приватизацијата меѓу поставените цели и остварени резултати, Економија и бизнис, февруари 2000 година;
11. Менаџментот, етиката и вредносниот систем, Зборник на трудови на ДНУ - Прилеп, том 16, 2000 година;
12. Неколку тези на тема : Економски реформи - економска наука - политички естаблишмент, Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум "Современите процеси на економскиот развој во земјите на Југоисточна Европа", Економски факултет Прилеп, 2000 година;
13. Методи и техники за собирање податоци при анализата на работата, Економски форум, "АВРОРА" - Прилеп, 2000 година;
14. Економските реформи меѓу политиката и науката, Економија и бизнис, јануари 2001 година;
15. Евроинтеграцијата и социјалното пазарно стопанство, Научна конференција "Социално - икономически проблеми на евроинтеграцията на България, Регионални аспекти.", Југозападен университет "Неофит Рилски", Икономически факултет, Враца, 2001 година;
16. Транзитивните процеси во Република Македонија: економски и социјални аспекти, Научна конференција "Икономическата политика на държавите в преход",

Југозападен Универзитет "Неофит Рилски", Икономическа факултет, Благоевград, 2001 година;

17. Мотивацијата како фактор за подобрување на квалитетот на процесите, Зборник на трудови од Симпозиумот на тема "Континуирано подобрување на процесите", организатори: Мазук, Стопанска комора на Македонија, Охрид, 2001 година;

18. Влијанието на неформалните групи врз менаџерањето на човечките ресурси, Дебатен клуб - Прилеп, 2002 година;

19. Menadžment čovekovih resursa u središtu promena, Međunarodni simpozijum SYMORG, Fakultet organizacionih nauka, Beograd, 2002.

20. Теории на организација на трудот, научна расправа. ДНУ- Прилеп, 2002 година;

21. Регионалните карактеристики на пазарите на труд во земјите во транзиција, Меѓународен симпозиум: Регионалната соработка и економскиот развој, "Универзитет Св. Климент Охридски" - Битола, Економски факултет - Прилеп, 2003 година (во коавторсво со м-р Димитар Николоски);

22. Економски и социјални приоритети: граѓани - Влада на Република Македонија, експертски форум на тема: Приоритети против приоритети, Фондација Институт Отворено општество, Скопје, 2003 година; (Сорос)

23. Развој на кариерата, Економски форум, Центар за економски, социјален и културен развиј на Република Македонија, 2003 година;

24. Менаџментот, етиката и социјалната одговорност, Fifth International Conference on Theory and Practice of Enterprice Management, Varna, 2004;

25. Влијанието на организациската култура врз современиот менаџмент, Научна конференција на тема: Производството и менаџментот во дваесет и првиот век, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Машински факултет - Скопје, 2004 година;

26. Современиот менаџмент на човечки ресурси во функција на подобрување на квалитетот на работењето, Научна конференција на тема: Квалитетот - основа за унапредување на бизнисот, МАЗУК- Скопје, 2004 година.

27. Сиромаштијата во Република Македонија, средба на економистите на Република Македонија на тема: Состојби можности и перспективи на македонската економија, Сојуз на економистите на Македонија, Скопје, 2004.

28. Слободното време и хуманизацијата на работата, Економски форум, Центар за економски, социјален и културен развиј на Република Македонија, 2004 година;

29. Осврт на стратегијата за намалување на сиромаштијата во Република Македонија, Годишник на Економски факултет - Прилеп, 2004- 2005 година;

30. Теории на мотивација, експертски форум, Центар за економски, социјален и културен развиј на Република Македонија, 2005 година;

31. Labour market in Macedonia: Characteristics, implications, institutions and reforms, International Conference: Contemporary Tendencies and Policies in Structural Changes in the Economy, Univesity Ss. Cyril and Methodius, Faculty of Economics - Skopje, 2005 година;

32. Значењето на анализата на работата во менаџирањето и развојот на човечките ресурси, ДНУ - Прилеп 2007, година (во коавторство со Горан Печијарески);

33. Определување на потребите од човечки ресурси во работната организација, ДНУ - Прилеп 2007година;

34. Менаџмент и развој на човечки ресурси conditio sine qua non на современиот бизнис, Економија и бизнис, Скопје, 2007

## *Реализирани научни проекти (1998 - 2006)*
*(раководител)*

1. Влијанието на промените на политичките и економските системи врз вредносните ориентири и типовите политичка култура на граѓаните од Централна, Источна и Југоисточна Европа со посебен осврт на Македонија, Друштво за наука и уметност - Прилеп, 1998 -2002;
2. Гласот на народот за иднината на Македонија, АВРОРА, Прилеп, 2001 година;
3. Граѓанска платформа за мир и стабилност, Фондација Институт Отворено општество, Скопје, 2002 -2003 година;
4. Дијагностицирање на етно-културолошкиот амбиент во Република Македонија, Фондација Институт Отворено општество, Скопје, 2002 -2003 година;
5. Утврдување на ставовите на граѓаните во однос на интеретнички и интраетнички релации, социјалните проблеми, економскиот развој и евроатланските интеграции на Република Македонија, студија на случај - Прилеп, ПЕВ - Македонија, 2004 година;
6. Проект за единствена визија на Република Македонија, студија на случај - Прилеп, ПЕВ - Македонија; 2004- 2005
7. Утврдување на ставовите на граѓаните во однос на правниот и културниот идентитет на државата, владеењето на правото, децентрализацијата, локалната самоуправа и борбата против корупцијата во Република Македонија, студија на случај - Прилеп, ПЕВ -Македонија, 2005 година;

## *Проекти во тек*
*(раководител)*

1. Менаџментот и развојот на човечките ресурси во Република Македонија: состојби и перспективи, Центар за економски, социјален и културен развој на Република Македонија, 2006 - 2008 година;
2. Сиромаштијата, нееднаквоста, невработеноста и пазарот на труд во Република Македонија, Центар за економски, социјален и културен развиј на Република Македонија, 2006 - 2009 година;
3. Интер и интраетнички конфликти во Република Македонија: состојби и менаџирање, Центар за економски, социјален и културен развиј на Република Македонија, 2007 - 2009 година;
4. Македонските иселеници во САД: проблемот на етничкиот идентитет и нивната интегрираност во современото македонско општество, Центар за економски, социјален и културен развиј на Република Македонија, 2007- 2009 година;

5. Децентрализацијата и развојот на единиците на локална самоуправа во Република Македонија: проблеми, состојби и перспективи, Центар за економски, социјален и културен развиј на Република Македонија 2007 - 2010 година.

## *Авторизирани белешки*

1. Општа социологија: преглед на клучните социолошки проблеми низ кратка анализа на развојот на социолошката мисла од нејзините почетоци до крајот на седумнаесеттиот век, 1997 година;
2. Предмет и методи на социологијата, 2000 година;
3. Избрани проблеми од социологија на трудот 2001 година;
4. Општество, личност и култура, 2003 година;
5. Избрани проблеми од менаџмент на човечки ресурси, 2004 година;
6. Избрани социолошки проблеми, 2005 година.

## *Објавени книги*

1. Театарската публика во Македонија, Народен глас, Прилеп, 1995 година;
2. Социјалната динамика во критичката теорија на Франкфуртската школа, Народен глас, 1996 година;
3. Транзицијата во Македонија: меѓу теорија и пракса, НИП Метафора, Прилеп 1998 година (во коавторство со д-р Славица Роческа);
4. Македонија на крајот од дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век, НИП Метафора, Прилеп 2002 година (во коавторство со м-р Димитар Николски и м-р Стевчо Димесаки);
5. Социолошки рефлексии, Растер, Прилеп, 2002 година;
6. Социологијата и македонската општествена стварност, Растер, Прилеп, 2007 година;
7. Менаџмент и развој на човечки ресурси, Економски факултет - Прилеп, 2007 година;
8. Социологијата како теорија и пракса, Економски факултет - Прилеп, 2007 година.

Врз основа на претходната анализа, Комисијата има чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп да му го достави следниов:

## ПРЕДЛОГ

Со оглед на работното искуство и постигнатите резултати, како во наставно, така и во научноистражувачката дејност, Комисијата е на мислење дека станува збор за кандидат со високи творечки и педагошки перформанси.

Неколку компаративни показатели ова јасно ќе го илустрираат: кандидатот Љупчо Печијарески, во текот на својата работна кариера, има објавено сто дваесет и пет научни трудови, раководител е на шеснаесет научни проекти, публикувал осум книги, учествувал на бројни научни конференции, симпозиуми, семинари, дебати, трибини.

Притоа, кандидатот успеал, во својата научна кариера, да даде значаен придонес во проучувањето на различни сегменти на крајно сложени (повеќеслојни) општествени проблеми, во рамките на различни научни дисциплини што, само по себе, претставува дополнителен интелектуален предизвик.

Истовремено, Љ.Печијарески, во текот на својата богата педагошка пракса, пронашол адекватен начин стекнатото знаење, на едноставен начин, да им го презентира на студентите, притоа развивајќи кај нив чувство за аналитичност. Секако, во однос на постојниот избор, од особено значење е неговиот напор, низ истражување на релевантни проблеми од областа на менаџментот и развојот на човечките ресурси, оваа проблематика да ја стабилира како релевантна академска дисциплина во рамките на додипломските и последипломските студии на Економскиот факултет во Прилеп, но и да придонесе за нејзиниот побрз развој во македонската научна средина како на методолошки, така и на теоретски план.

Широкиот спектар активности и извонредните резултати на кандидатот, д-р Љупчо Печијарески, крајно исклучителни во академската практика, на Комисијата ѝ дозволуваат да го формулира својот конечен став.

На Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп, со особено задоволство му предлага да го избере кандидатот проф. д-р Љупчо Печијарески, во звањето **редовен професор** по предметот менаџмент на човечки ресурси.

Рецензентска комисија

д-р Мирјана Борота, ред. проф. с.р

д-р Димитар Бојаџиоски, ред. проф. с.р

д-р Тодор Кралев, ред. проф. с.р